Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

## Извадок на ден од дневни настани 09.06.2020

На 08.06.2020 во 23.00 часот, полициски службеници од СВР Скопје на подрачјето на Гази Баба го лишиле од слобода Н.К.(24) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 08.06.2020 во 14.45 часот, полициски службеници од СВР Скопје на клучка Арачиново го лишиле од слобода С.А.(36) од Тетово, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена прашкаста материја. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 08.06.2020 во 20.40 часот, полициски службеници од СВР Скопје на ул. „Македонско-косовска бригада" ги лишиле од слобода Ф.Б.(23), Е.Р.(42) и С.Б.(33), сите од Скопје, затоа што при извршен преглед кај Ф.Б. била пронајдена марихуана. По документирање на случајот, против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 08.06.2020 во 12.30 часот било пријавено дека на ул.„Љуботенска" во Тетово патничко возило „мерседес", со тетовски регистарски ознаки, управувано од Х.А.(53) од с.Синичане удрило во велосипед, управуван од М.С.(74) од Тетово. Во незгодата, велосипедистот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Клиниката болница Тетово, каде бил пренесен за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Тетово.

На 08.06.2020 од слобода бил лишен и приведен во Полициската станица Гостивар А.С.(54) од с.Студеничани, скопско, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „тешки кражби", како и други кривични дела на подрачјето на Гостивар, а воедно по телеграма се барал заради издржување казна затвор за сторено кривично дело „тешка кражба".

На 08.06.2020 во 18.30 часот на ул.„Гоце Делчев" во Кичево, на место викано „Берза", полициски службеници го привеле А.К.(25) од Р.Албанија поради прекршок по Законот за странци, односно нерегулиран престој во РСМ. Тој бил задржан во СВР Кичево за понатамошна постапка.

На 09.06.2020 во СВР Велес е лишен од слобода А.С.(45) од с.Јојане, липовско, поради тоа што около 03.00 часот на автопатот Градско - Велес, во близина на клучка Велес - Штип – Скопје, при контрола на патничко возило „фолксваген шаран", со скопски регистарски ознаки, кое тој го управувал, било утврдено дека во возилото превезувал 12 мигранти, од кои 10 од Авганистан и двајца од Иран. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.
На 08.06.2020 во СВР Велес е лишен од слобода Б.Л.(33), бидејќи околу 22.00 часот во с.Манастирец, по кратка расправија, со воздушен пиштол испукал неколку дијаболи кон С.М.(81), при што и нанел повреди. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 08.06.2020 во 22.56 часот било пријавено дека во с.Сарај, скопско, се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „фиат стило", со скопски регистарски ознаки, управувано од Н.Х.(43) од с.Сарај и мотоцикл „хонда ЦР-В 1000", без регистарски таблички, управувано од Ш.О.(21) од с.Паничари, скопско. Во незгодата, мотоциклистот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Комплекс клиники „Мајка Тереза", каде починал. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Скопје.

На 08.06.2020 во 17.30 часот пред Трговскиот центар во Штип, полициски службеници од СВР Штип, при вршење проверка на индититет, привеле 17 - годишник од с.Лакавица, штипско и А.Т.(27) од Мароко, по што било констатирано дека А.Т. е лице мигрант кој на 04.06.2020 бил забележан од малолетникот пред продавница во с.Лакавица, по што до 08.06.2020 престојувал во домот на малолетникот. За настанот бил запознаен Јавен обвинител, по чија насока А.Т. бил сместен во Прифатен центар за понатамошна постапка. По целосно документирање на случајот, против малолетникот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 08.06.2020 во 14.25 часот во Полициската станица Центар, З.С.(71) од Скопје пријавил дека на кеј „13 Нември" бил каснат од куче скитник.

На 08.06.2020 во 18.45 часот, на магистралниот пат А4 Струмица-Радовиш, делница од Струмица до Василевска крстосница, се случила сообраќајна незгода во која учествувале патничко возило „опел астра", со скопски регистарски ознаки, сопственост на правно лице, а управувано од Е.С.(55) од Скопје, во кое имало 11 мигранти од Пакистан, патничко возило „фолксваген пасат", управувано од С.Г.(34), со сопатник С.Г.(57), и двајцата од с.Градашорци и патничко возило „ауди", управувано од Д.К. од Скопје, со троја сопатници. Во незгодата загинал возачот на возилото „фолксваген пасат", а со тешки телесни повреди се здобиле три лица, и тоа возачот и еден сопатник од возилото „опел астра" и еден сопатник од возилото „фолксваген пасат", додека со телесни повреди се здобиле пет лица сопатници во возилото „опел астра". Увид на лице место извршија Јавен обвинител и увидна екипа од СВР Струмица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 08.06.2020 во 09.50 часот во Полициската станица Кисела Вода, Н.С.(48) од Скопје пријавила дека на ул.„Полог" била касната од куче скитник.
На 08.06.2020 во Полициската станица Прилеп, В.М.(32) од Прилеп пријавила дека на 07.06.2020 околу 23.30 часот две лица со употреба на сила влегле во нејзината куќа и физички ги нападнале нејзиниот сопруг. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 08.06.2020 околу 21.15 часот во Полициската станица Свети Николе, А.В.(43) од Лозово пријавил дека во с.Сарамзалино, општина Лозово, Б.В.(35) од с.Сарамзалино му упатил закани и се обидел да го нападне со секира. Според пријавеното, претходно, Б.В. на социјалната мрежа „фејсбук", исто така, упатил закани по неговиот живот. За настанот бил известен Јавен обвинител и се преземаат мерки за негово расчистување.

На 08.06.2020 околу 19.40 часот во СВР Скопје било пријавено дека настанал пожар во стан на ул.„Благоја Паровиќ", сопственост на С.А.(72). Пожарот бил изгаснат од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје, а повредени лица нема. Увид бил извршен.

На 08.06.2020 во 21.30 часот во СВР Скопје, К.И.(43) од Скопје пријавила дека околу 20.50 часотред маркет на бул.„Партизански одреди", по претходна расправија, била физички нападната од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 08.06.2020 околу 10.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека на паркинг на бул.„Јане Сандански" во Скопје, поради недоразбирање во сообраќајот, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу В.К.(42) од Скопје и И.С.(54) од Скопје. Сочинети се записници за констатиран прекршок по член 11 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

На 08.06.2020 околу 21.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека настанал пожар во куќа во изградба на ул.„Македонско-косовска бригада", сопственост на Р.Ј.(43) од Скопје. Пожарот бил изгаснат од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје, а повредени лица нема. Увид бил извршен.

На 08.06.2020 во 16.55 часот во Полициската станица Кавадарци било пријавено дека на влезот во с.Дреново, во нива, до трактор „ИМТ 539", бил пронајден починат И.Ј.(72) од с.Дреново. Од страна на лекар од Ѓтна медицинска помош била констатирана смрт без видливи траги на насилство, а по наредба на Јавен обвинител телото на починатиот било предадено на обдукција во Институтот за судска медицина Скопје. Увид на местото извршила екипа од Полициската станица Кавадарци.

На 08.06.2020 во 08.00 часот, секретарот во општина Арачиново пријавил дека во периодот од 16.00 часот на 04.06.2020 до 08.00 часот на 08.06.2020 непознат сторител извршил тешка кражба во општина Арачиново. Според пријавениот, сторителот со употреба на сила влегол во општината. Со дополнителен попис од одговорните лица во општината ќе биде утврдено дали нешто е одземено, по што ќе биде утврдена и причинетата материјална штета. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 09.06.2020 околу 00.30 часот во СВР Скопје, М.Б.(20) од Скопје пријавил дека на крстосница од бул.„Србија" со бул.„Трета македонска бригада", В.К. и уште две лица физички го нападнале и му одзеле јакна и мобилен телефон. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 08.06.2020 околу 19.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека во с.Визбегово, скопско, настанал пожар во дива депонија на место викано „Коњски рид". Пожарот е ставен под контрола од страна на екипи на Бригадата за противпожарна заштита Скопје.

На 08.06.2020 во 20.25 часот во СВР Скопје, О.М.(80) од Скопје пријавила дека на ул.„Христо Татарчев" во Скопје била касната од куче скитник.

На 08.06.2020 во 22.30 часот во СВР Скопје, С.А.(31) од Кочани, со престојувалиште во Скопје пријавила дека од семејниот дом се одалечила нејзината ќерка Љ.А.(10). Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против С.Љ.(30) од Шуто Оризари, скопско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „тешка кражба" на дрзок начин. На 07.04.2020 во с.Косел пријавениот ја затекнал оштетената Д.Т. и разговарајќи со неа пристигнале до нејзината куќа, каде побарал и добил пари од неа. Додека таа му подготвувала пијалак, пријавениот пребарал во спалната соба и одзел коверт со 550 евра и други пари, по што го напуштил местото. На 03.06.2020 пријавениот бил пронајден на ул.„Бекир Али Риза" и бил лишен од слобода.

На 09.06.2020 во 01.20 часот во Полициската станица Гази Баба, И.Д.(50) од Скопје пријавила дека на кејот на реката Вардар нејзината 17-годишна ќерка била касната од кучиња скитници.
На 08.06.2020 во 17.45 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, С.Т.(58) од Скопје пријавила дека од стан во Охрид, каде престојувала, се одалечила нејзината ќерка С.Т.(35) од Скопје. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.
Надворешната канцеларија за криминалистички работи Пробиштип поднесе кривична пријава против В.С.(27) од с.Стрмош, пробиштипско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 19.05.2020 пред продавница во с.Стрмош пријавениот со стаклено шише го нападнал Д.С. и му нанел телесни повреди.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Ќ.Е.(27) од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 06.07.2019, полициски службеници спровеле акциска контрола и преглед на присутните гости во угостителски објект во Тетово и на една од масите бил забележан пријавениот како на Н.Ѓ.(32) од Тетово му дава предмет, кој тој го фрлил. Од извршените анализи било потврдено дека станува збор за наркотична дрога хашиш.

СВР Куманово и СВР Штип поднесоа 24 кривични пријави против: Г.А.(36) од Куманово, И.Ј.(36), Д.Р.(26), двајцата од Скопје, А.Е.(17), Е.Ц.(17), Т.З.(22), Х.О.(23), Ц.А.(14), Д.Д.(23), Ш.К.(56), Р.Ц.(37), сите осум од Штип, З.Ш.(44) од с.Балталија, штипско, К.В.(38) од с.Трсино, виничко, Д.Т.(55) од с.Двориште, Р.В.(25), И.Н.(26), двајцата од Струмица, И.Н.(21), С.Н.(39), Т.М.(21), тројцата од Свети Николе, М.А.(15), Е.А.(17), Г.Ѓ.(16), тројцата од Кочани, К.С.(64) од с.Киселица, делчевско, и П.К.(77) од Делчево, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". Пријавените не се придржувале кон воведената мерка за ограничено движење.